Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08, 167/10 и 51/11) и член  22 став 1 од Законот за средно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука ја донесе Наставната програма по наставниот предмет *германски јазик* (втор странски јазик) за III (трета) година за средно четригодишно образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

III ГОДИНА

СРЕДНО ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, септември 2016

## 1. ВОВЕД

Предметот германски јазик како втор странски јазик е застапен во наставниот план за гимназиско и средно стручно четиригодишно образование со неделен фонд 2 (два) часа како продолжителен јазик.

Застапеноста на предметот во наставниот план за гимназиското и средното стручно четиригодишно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската Унија, каде што на изучувањето на странските јазици се посветува посебно внимание. Изучувањето на втор странски јазик претставува основа за промовирање на повеќејазичноста и мултикултуралноста, како и предуслов за понатамошниот успешен развој на учениците.

Целта на современата настава по странски јазици за учениците во гимназиското и средното стручно четиригодишно образование е развој на компетенција за комуникација на германски јазик, компетенција за учење и културна свест со развој на лингвистички, социолингвистички и прагматски комуникативни јазични компетенции и општи компетенции како интеркултурна свест, социокултурно знаење, вештини и процедурално знаење, развој на личноста и способност за учење. Наставата е насочена на ученикот како субјект во наставниот процес, неговиот когнитивен афективно-социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и развивањето стратегии за учење како основа на доживотното учење.

Во процесот на развој на компетенциите во наставата се вградуваат општите предзнаења, предзнаењата од изучувањето и користењето на англискиот како прв странски јазик и предзнаењата од германскиот јазик.

Предметот германски јазик во III (трета) година се изучува како продолжителен јазик со 2 (два) часа неделно, односно 72 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.

Појдовна основа за изготвување на Наставната програма за прва година е *Заедничката европска референтна рамка за јазици*. Во трета година гимназиско и средно стручно четиригодишно образование се изучува нивото Б1.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА III ГОДИНА ГИМНАЗИСКО И СРЕДНО СТРУЧНО ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Основна цел на наставата по германски јазик како втор стррански јазик за III година гимназиско и средно стручно четиригодишно образование е развој на компетенции за интеркултурно дејствување на германски јазик во приватен домен.

Ученикот/ученичката:

- самостојно да користи дадени материјали и да применува познати и новонаучени стратегии за самостојно изучување на германскиот јазик;
- аудио-визуелно да препознава и да применува нови зборови и искази и го разбира нивното значење во познат и помалку познат контекст;
- глобално и селективно да разбира прочитани или слушнати текстови со позната и помалку позната тематика;
- да репродуцира и да продуцира зборови и јазични искази согласно соодветното ниво;
- усно и писмено да опишува и да искажува искуства, мислења и ставови со соодветен вокабулар на секојдневна и позната и помалку позната тематика во неформални разговори со пријатели;
- да учествува во разговор или дискусија, да се справува со повеќе ситуации што произлегуваат од секојдневните активности;
- да пишува едноставни, поврзани текстови на разни теми од сферата на личните интереси;
- да дава детално излагање на сопствените искуства, опишувајќи ги чувствата и реакциите;
- да парафразира кус текст на едноставен начин, задржувајќи го оригиналниот израз и редослед;
- да ги воочува социокултурните разлики од секојдневниот живот на сопствената култура и културата на земјите од германско говорно подрачје и сопствени стереотипни ставови и однесувања;
- да развива интерес кон културата на земјите од германското јазично подрачје.

---

[1] Како ориентација во однос на нивоата на јазични компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот од секоја година на средното образование се земаат насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците,* кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик:

- во подрачјето на елементарно ниво: А1 (подготвително ниво/Anfänger) и А2 (основно ниво/Grundlegende Kenntnisse);
- во подрачјето на самостојно користење на јазикот: ниво В1 (преодно ниво/Fortgeschrittene Sprachverwendung) и В2 (самостојно ниво/Selbständige Sprachverwendung);
- во подрачјето на компетентно користење на јазикот: ниво С1 (напредно ниво/Fachkundige Sprachkenntnisse) и С2 (највисоко ниво/Annähernd muttersprachliche Kenntnisse).

Според сегашните услови за учење на германскиот јазик во Република Македонија, по 4 години настава (по завршувањето на IX одделение) учениците можат делумно да го постигнат нивото А2 (основно ниво). По првата година учење на германскиот јазик во средно образование може да се достигне нивото А2 (основно ниво), по втората година во средно образование може да се достигне нивото А2 + ( зајакнато основно ниво), по третата година учење на германскиот јазик во средно образование може делумно да се достигне В1 (преодно ниво), а по осум години учење (по завршувањето на IV година), може целосно да се достигне В1 (преодно ниво). Постигнувањето на компетенциите во согласност со наведените нивоа ќе биде прикажано преку очекуваните резултати во сите наставни програми за средно образование ( за I, II, III и IV година).

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја препознава и разбира во контекст новонаучената лексика;<br>- да ја применува соодветно новонаучената лексика. | Човекот и животните | - Können Tiere sprechen? | Водење разговор на тема за тоа како животните комуницираат меѓусебно и со луѓето (според искуството при посета на зоолошка градина, чување домашно милениче), говорни вежби околу позитивните и негативните искуства при средбите со животните, говорно и писмено неформално обраќање, писмени вежби за опис на животно, изразување на своите ставови за одгледување на животните (во природна и адаптирана средина) |
| | Изразување чувства | - Was bringt dich zum Lachen? | Вежби со слушање или читање и репродукција на слушнатото или прочитаното на тема карикатури, вицеви и шеги. Водење разговор на тема комични ситуации и исмејување на луѓето. Писмено изразување преку пишување кус текст на тема хумор и смеа. |
| | Несекојдневни способности | - Ich habe da meine Zweifel. Das sind alles bloß Tricks. | Вежби со слушање или читање и репродукција на слушнатото или прочитаното, усно и писмено изразување, примена на комуникативните модели на тема несекојдневни способности, психо-тренинг, како да се подобрат менталните и физичките способности кај професионалните спортисти. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Животна средина | - Welche Folgen hat der Klimawandel schon jetzt? | Вежби со слушање или читање и репродукција на слушнатото или прочитаното, усно и писмено изразување на тема за животната средина, со акцент на комуникативните модели за изразување сопствено мислење за последиците од климатските промени и искористувањето на природните ресурси. Изработка на проекти во наставата за заштита на околината и искористување на природните ресурси. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Соживот | - Ich möchte dich unbedingt wiedersehen. | Вежби со слушање или читање и репродукција на слушнатото или прочитаното, усно и писмено изразување на тема за средбите со пријателите, познаниците и соучениците, опис на надворешниот изглед на личностите. Симулирање  говорна ситуација или играње улоги на тема за средби (љубовни, пријателски и роднински). |
| | Кризи и катастрофи | - Was müsste passieren, damit...? | Вежби со слушање или читање и репродукција на слушнатото или прочитаното, усно и писмено изразување на тема за кризите и катастрофите порано и сега. Примена на комуникативни модели за усно и писмено изразување, сопствен став или мислење на тема како да го зачуваме мирот во светот. |

| Компонента 2. ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- точно да употребува едноставни и помалку сложени граматички структури со мал број на грешки кои не го попречуваат разбирањето на кажаното и напишаното;<br><br>– да споредува и диференцира помалку сложени граматички структури. | Придавска деклинација со неопределен член во еднина и без член во множина<br><br>Präteritum од мешовити глаголи<br><br>Plusquamperfekt<br><br>Можен начин<br>Конјунктив 2 во сегашност и иреалност<br>Конјуктив 2 од модалните глаголи<br><br>Пасив со модални глаголи<br><br>Зборообразување:<br>именки (*-ung, -heit, -keit)*<br>придавки (*-ig, -lich, -isch)*<br><br>Реципрочни заменки *sich* и *einander*<br>Präpositionalpronomen:<br>*worüber, darüber...* | -Sie haben beide *kurze, braune, glatte* Haare, ein *rundes* Gesicht und eine *sportliche* Figur.<br><br>-Die sprachbegabte Schimpansin Washoe *wussste,* dass sie ein Baby bekam.<br>-Herr Knauser *war* in seinem Urlaubsort *angekommen.*<br><br>-Wenn die Menschen weniger Angst *hätten, würden* keine Verschwörungsteorien entstehen.<br><br>Der Windpark *soll* bis 2030 *fertiggestellt werden.*<br>-Manche fanden die Zeichn*ung* geschmacklos.<br>-Das finde ich gar nicht komi*sch.*<br><br>Sie sehen *sich/einander* an.<br>-*Woran* denkst du oft? | Активностите и методите кои се сугерираат можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури. Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се:<br><br>- вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>- вежби од типот на пополнување празни места во реченицата, вметнување зборови или реченични делови;<br>- вежби од типот на повеќечлен избор;<br>- вежби од типот на поврзување искази, прашања и одговори, антоними и сл;<br>-вежби за правилен редослед на зборовите во реченицата;<br>- вежби со користење на илустрации, флеш карти и постери;<br>- играње улоги и симулации на дадени ситуаци и сл.<br>-вежби за писмено изразување (дијалози, куси писма, имејлови, куси состави и сл.) сé со цел практична примена на граматичките содржини. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Временски зависни сврзници со:<br>*als*<br>*immer wenn*<br>*während*<br>*bevor*<br>*nachdem*<br><br>Инфинитивни конструкции со *brauchen + zu*<br><br>Целни/финални реченици со:<br>*um...zu, damit, ohne..zu statt...zu*<br><br>Релативни реченици: релативни заменки во акузатив и датив и релативни заменки со предлози | -*Als* Washoe Loilis sah, war sie glücklich.<br>-*Immer wenn* Warshoe mit Loilis spielte, war sie glücklich.<br>*Während* Lisa den Film sieht, isst sie Popcorn.<br>*Bevor* Lisa den Film sieht, isst sie Popcorn.<br>*Nachdem* Lisa den Film gesehen hat, isst sie Popcorn.<br><br>Ich *brauche* nicht mehr an Noten *zu* denken.<br><br>Ich babysitte für Sabrina, *damit* sie für die Führerscheinprüfung lernen kann.<br>Milan leiht Selina *das Geld, das* sie für die Rückfahrkarte braucht. | |

| Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-соодветно да применува јазични функции за да го искаже она што сака да го каже во директна размена на едноставни информации во однос на познати секојдневни прашања, но во други ситуации вообичаено мора да презема компромиси во опсегот на исказот,<br>- да се изразува доволно точно во познати, предвидливи ситуации;<br><br>- без голем напор соодветно да применува јазични функции за да состави искази за познати теми, води разговори и покрај тоа што понекогаш мора да размисли за да испланира што ќе каже и да се поправи - особено ако зборува слободно подолго време, да се изрази со извесно заобиколување на одредени теми, поврзани со секојдневието. | Опишување на животни/домашни миленичиња<br><br>Опис на графикон<br><br>Изразување согласност<br><br>Изразување ставови<br><br>Изразување сомнеж<br><br>Изразување негодување<br><br>Давање препораки/совети<br><br>Дискутирање промени<br><br>Правење претпоставки | - Mein Hund ist groß und ziemlich wild.<br><br>- Grafik A zeigt den Anstieg des Meeresspiegels von 1996 bis 2006.<br><br>- Du hast recht.<br><br>- Meiner Meinung nach sollte man den Müll trennen.<br><br>- Es ist wahrscheinlich doch nicht so schlimm.<br><br>- Da stimme ich dir nicht zu.<br><br>- Beim Kochen Töpfe mit Deckel verwenden!<br>- Bei allen Elektrogeräten die Stand-byFunktion ausschalten!<br><br>-Heute ist es ein bisschen anders als früher:......<br><br>-Es ist auch möglich, dass... | Активности со примена на комуникативни модели со говорни и писмени вежби од типот водење дијалог, драматизација на дијалози, играње по улоги, вербализирање графикони, пополнување текстови со испуштени фрази, симулации и сл. |

| Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>-да разбира кога во секојдневен разговор има обраќање со јасен изговор, иако понекогаш треба да се повторат некои зборови или фрази. | Куси искази/фрази во разговор | -Hallo, lange nicht gesehen?<br>-Bist du wieder in Bremen?<br>-Das Gewitter: Donner und Blitz. | Активности од типот на соодветно невербално реагирање на слушнати искази и/или инструкции на пр.: движење на телото, мимика, цртање, внесување во план, заокружување информации (повеќечлен избор, точно/погрешно, да/не), поврзување слики; игри од типот квартет и сл. |
| - глобално и селективно да разбира радиовести и други едноставни текстови на познати теми доколку се зборува релативно бавно и јасно. | Куси и малку подолги зборувани текстови | -Vor fünf Jahren waren seine Frau und vier seiner Kinder an der Pest gestorben. Kälte und Unwetter hatten nun schon zum vierten Mal hintereinander das Getreide auf seinen Feldern zerstört.............. | Активности од типот заокружување информации (повеќечлен избор, точно/погрешно, да/не), подредување точен редослед, формулирање наслови, пополнување текст со празнини, опис по слика, пополнување растер, продолжување на приказната и сл. |

| Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>- релативно течно да дава некомплицирано, но поврзано објаснување на теми од сопствен интерес при што да има линеарно наведување при што прави јасни паузи за да размисли;<br>- да опишува надежи, желби и цели;<br>- да држи извежбана, куса, презентација за позната тематика и притоа на кратко да дава причини и објаснувања на мислења и дејствија;<br>- без подготовка да учествува во разговори на познати теми, да изразува сопствено мислење и да разменува информации во врска со познати теми, теми од интерес или од секојдневниот живот; | Луѓе, животни и работни услови, секодневни рутински случувања, лични префернци, фамилија<br><br>Информации во врска со работа и слободно време | -Er hat ein schmales Gesicht mit vielen Sommersprossen und einer spitzen Nase.<br><br>-In meiner Freizeit beschäftige ich mich......<br><br>-Den letzten Satz habe ich nicht verstanden. Könntest du das noch einmal und etwas langsamer sagen?<br><br>-Ich habe gestern Tennis gespielt. Aber du magst ja keinen Tennis. | *а) Говорна интеракција:*<br>- поставување прашања и одговарање на истите;<br>- играње по улоги според дадени модели;<br>- симулации проследени со движења;<br>- учество во комуникативни ситуации;<br>- барање/давање информации;<br>- да реагира на новостите.<br><br>*б) Усно искажување:*<br>- опишување и раскажување по слики, видеоматеријали, ситуации и сл.;<br>- продукција на куси искази;<br>- прераскажување на куси едноставни текстови;<br>- вежби со користење пантомими и мимики;<br>-презентација на селектирани информации од текст;<br>-да зборува за лични искуства, како и за искуства од минатото;<br>-самостојна работа.<br><br>**Комуникативни рамки**<br>-партнер во разговор (ученик-ученик; ученик-наставник);<br>-раскажувач. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - води течни контактни разговори;<br>- да замоли и понуди секојдневни услуги;<br>- да користи помалку сложени фрази за кооперативни цели, ако се работи за замолување или давање на работи, прашување или разговарање за куси информации, следни чекори во кооперативна работа;<br>- да изразува лични гледишта и мислења во неформални разговори со пријателите и да ги прашува за мислење;<br>- да размени информации. | | -Würdest du lieber auf den Halligen oder auf Tuvalu leben? Wo ist das Leben wohl angenehmer?<br><br>-Ich könnte Ihnen ....vorschlagen.<br><br>-Ich habe dich ganz gut verstanden.<br><br>-Wann und wie ist das Unglück passiert? Als wir...<br><br>-Diesem  Jungen darfst du nicht glauben.<br>-Diese Geschichte stimmt sicher nicht.<br>-In Wirklichkeit .... | |

| Компонента 6: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да чита и да разбира куси едноствни текстови на конкретни теми во кои се користи секојдневен или професионален јазик;<br>- селективно и детално да разбира текстови со позната тематика;<br>-да наоѓа и да извлекува конкретни, определени или специфични информации од едноставни текстови поврзани со секојдневието како писма, информативни брошури, кратки официјални документи и сл.;<br>- глобално да разбира текстови за секојдневни работи од помалку позната тематика. | Куси текстови и едноставни подолги текстови | 1. Lies den Text noch einmal und kreuze „richtig“ oder „falsch“ an.<br><br>2. Verbessere die falschen Aussagen nach dem Text.<br><br>3.Lies die Texte und ordne die Fotos zu.<br><br>4. Lies zuerst die Zeittafel und dann die Textabschnitte A-D. Ordne die Texte den Situationen auf der Zeittafel zu.<br><br>5. Lies den Text, dann schreib Antworten auf die Fragen. | Активности за идентификување информации од типот на заокружување информации (повеќечлен избор, точно/погрешно, да/не), поврзување слики и текст, формулирање наслови, пополнување текст со празнини, пополнување растер, трансфер на информации во графички прикази, реконструкција на структура и сл. игри од типот домино, Logikal, Brettspiel, Reaktionskarten  и сл. |

| Компонента 7. ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да пишува едноставни, поврзани текстови на разни теми и може да ги изрази своите лични гледишта и мислења;<br>-да пишува едноставни текстови за разни искуства и настани;<br>-да пишува писма на пријатели и познаници во кои ќе им раскажува некои новости и случки и ги прашува за нивните новости;<br>-во писмо да изразува чувства како: тага, среќа, интерес, жалење и сочувство;<br>-во пишана форма да одговара на огласи и да замолува за подетални и поспецифични информации за некој производ; | Луѓе, животни и работни услови, секодневни случувања, збиднувања и потреби, лични преференци, информации, настани и активности од секојдневието со позната тематика | -Letztes Jahr im Dezember habe ich mit meinen Freunden eine Kreuzfahrt gemacht. Ich denke, dass...<br><br>Lieber Matthias,<br>heute habe ich endlich Zeit...... Wann kommst du zu mir?<br><br>-Am Wochenende war ich mit meinen Freunden im Konzert. Es war toll, wir ....<br><br>-Leider kann ich zum Treffen nicht kommen.<br><br>-Ich habe Ihre Anzeige in der Zeitung gelesen und möchte genaue Informationen über den Computer bekommen. | - Подредување зборови во слеана низа;<br>- пишување по диктат;<br>- пополнување формулари;<br>- довршување реченици или кус текст;<br>- пополнување текстови со испуштени зборови;<br>- пишување куси пораки, куси пријателски писма, честитки, разгледници, е-маил пораки итн.;<br>- пишување кус едноставен состав според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- вежби со пишување кратенки;<br>- подредување реченици и/или параграфи од даден текст;<br>- изработка на постер и презентации;<br>- самостојна изработка на тематски постери и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да пренесува куси, едноставни, факторгафски информации на пријатели преку електронска пошта или бара информации на истиот начин. | | -Bitte gib mir Bescheid, ob du kommen kannst. | |

**Компонента 8. КУЛТУРА**

Содржините од компонентата *Култура* не се изучуваат изолирано, туку се интегрирани во сите компоненти при изучувањето на јазикот. Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање желба за запознавање, толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, обраќање, честитање празници, активности во врска со празниците, имиња на врсниците во германските говорни подрачја, некои типични презимиња, имиња на улици и плоштади, распоред на дневните и седмичните активности, слободно време, пазарење, храна, мода, песни, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.). Учениците се запознаваат со делови од историјата, географските обележја на земјите од германското говорно подрачје, големите градови и нивните културни знаменитости, делови од обичаите и традицијата, храната и пијалаците, празнувањето на Божик, Велигден, карневалите, роденденските прослави и сл. Преку селектирани текстови во наставата учениците се запознаваат и со германската литература. Преку актуелни натписи од весници или ТВ - емисии и Интернет вести учениците се запознаваат со модерна и актуелна Германија, како и со останатите земји од германското говорно подрачје.

Целта на интегрирањето на културата во наставата по германски јазик е да се стекнат интеркултурни компетенции за однесување и имајќи ги предвид културните разлики, да се развие чувство за воочување на културните разлики низ учењето и воспитувањето, како и почит кон другите луѓе и различните работи. Учениците треба да ги почитуваат и вреднуваат различните култури во светот, но и во својата земја, а различностите да ги доживуваат како можност за споредба и поврзување со културите, социјализација и интеграција и да препознаваат и да ги отстрануваат сопствените стереотипни ставови и однесувања.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма во основа претпоставува целосен и комплексен јазичен и комуникативен развој преку конретни и дејствено поврзани наставни ситуации на учење. Компетенциите не се развиваат поединечно и изолирано, туку треба се создаваат комплексни, сестрани можности за учење соодветни на возраста на учениците преку животно и комуникативно значајни функционално поврзани активности. Активностите во наставата треба да ги интегрираат и поврзуваат компетенциите со јасни тематски ориентирани цели и задачи транспарентни за учениците.

Наставата по германски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на интерактивно учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ги интегрира различните компоненти за функционално изучување на јазикот со ориентација на потреби, акција, дејствување и комуникација, развој на клучни компетенции, сензибилизација за самостојно и одговорно однесување на учениците, сензибилизација на интеркултурни аспекти при што улогата на наставниците вклучува и улога на модератори, помошници и партнери.

Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со свесна примена на јазичните структури во контекст и структурално воведување на граматичките структури кои се изучуваат интегрирано, а не како посебна јазична вештина. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата Разбирање, на усниот и писменото говор, како од аспект на интеракција, така и од аспект на самостојна продукција.

Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за сопственото учење, знаењето и способностите коешто ги стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да ги користат надвор од неа.

Наставата треба да вклучува активности за развој на свесно користење на стекнатите знаења и вештини од првиот странски јазик (англиски јазик) коишто користат во изучувањето на германскиот јазик.

При изборот на активностите треба да се води сметка за внатрешната диференцијација и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои одговараат на различните стилови на учење, различните видови интелигенција и различните нивоа на знаења на учениците со менување на различни форми на работа и секвенци на дејствување.

Согласно горенаведеното, во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти. Изучувањето странски јазик на секој наставен час ги интегрира сите јазични вештини и компоненти.

*Наставни средства:*

- одобрен учебнички комплет за учениците;
- пакет прирачен материјал за наставникот;
- дополнителни наставни материјали, како на пр. списанија, флеш-карти, постери и др.;
- еднојазични речници за паралелката (германско-германски речник);
- двојазични речници за паралелката (мајчин јазик-германски јазик, англиски јазик – германски јазик);
- соодветни медиуми, како на пр. ЦД плеери/ЦД со текстови за слушање; компјутер со соодветен софтвер; ЛДЦ проектор, ТВ со ДВД;
- Интернет пристап, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, активната вклученост на часовите, дополнителната и додатната настава, соработката со другите, соработката со наставникот, самостојната работа и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците искажуваат јазична активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата е интегриран дел на секој наставен час, а не изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усната јазична продукција и интеракција.

Со цел да се мотивираат учениците наставникот треба поголем акцент да стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. На учениците им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или друга соодветна позитивна реакција која наставникот ја има поставено како критериум за вреднување и пофалба.

Вреднувањето на напредокот на учениците се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Ученикот треба да биде вреднуван со најмалку 6 оценки во текот на учебната година (3 оценки во првото и 3 во второто полугодие). Од вкупно 6 оценки, 2 ќе се базираат на тест, а другите 4 ќе се базираат на усни, комуникативни проверки стекнати преку активноста на ученикот за време на часовите.

Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се бидат: оценките од писмените работи/тестови, оценките од усното искажување и активноста на часот, изработката на проекти во наставата и сл. На крајот на трета година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

## 6. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Стандардите за оценување на учениците треба да произлегуваат од поставените цели и очекуваните исходи.
При составувањето на стандардите за оценување треба да се користат формулации од листата на активни глаголи со кои би требало да се дефинираат целите според нивоата од Блумовата таксономија. Глаголот укажува на очекуваните исходи од учењето и директно произлегува од конкретните цели во наставата. Сакаме да напоменеме дека и покрај тоа што еден ист глагол може да се појави во различни нивоа на знаење, постои разлика во користењето на тој глагол. Таа разлика произлегува од дефиницијата на даденото ниво, што укажува на тоа дека глаголите треба да се гледаат во контекст на нивото на знаење што го илустрираат.
Следуваат табели на стандарди на оценување кои на наставникот можат да му помогнат при одредувањето на нивоата на знаењата и вештините на учениците од трета година на средното образование.

| НИВО | Тема: ЧОВЕКОТ И ЖИВОТНИТЕ |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | • Препознава зборови и изрази поврзани со темата (луѓе, животни, опис на личности и животни).<br>• Поврзува, заокружува, подвлекува и издвојува зборови и изрази во куси и подолги текстови.<br>• Запомнува нови зборови и куси изрази и може да ги препознае во нов контекст. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Глобално разбира подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Селективно разбира одредени информации од подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Ја разбира основната идеја, кажува со свои зборови и парафразира базични информации од кус текст. |
| **ПРИМЕНА** | • Ги поврзува новите информации и зборови во контекст (решава вежби со дополнување и поврзување).<br>• Применува новонаучени изрази и зборови при говорно и писмено изразување со примена на едноставни јазични структури при составување куси дијалози, текстови, играње улоги по ситуација.<br>• Прераскажува за средба со животните. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Издвојува информации од подолг текст со позната тематика.<br>• Развива дијалози за темата како животните комуницираат меѓусебно и со луѓето (според искуството при посета на зоолошка градина, чување домашно милениче).<br>• Пишува куси текстови со опис на личности и животни со примена на не многу сложени јазични структури.<br>• Одговара на прашања за темата поврзана со односот на животните и човекот.<br>• Изразува ставови за одгледување на животните (во природна и адаптирана средина). |

| НИВО | Тема: ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВА |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | • Препознава зборови и изрази поврзани со темата.<br>• Поврзува, заокружува, подвлекува и издвојува зборови и изрази во куси и подолги текстови.<br>• Запомнува нови зборови и куси изрази и може да ги препознае во нов контекст. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Глобално разбира подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Селективно разбира одредени информации од подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Ја разбира основната идеја, кажува со свои зборови и парафразира базични информации од кус текст.<br>• Препознава чувства |
| **ПРИМЕНА** | • Ги поврзува новите информации и зборови во контекст (решава вежби со дополнување и поврзување).<br>• Применува новонаучени изрази и зборови при говорно и писмено изразување со примена на едноставни јазични структури при составување куси дијалози, текстови, играње улоги по ситуација. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Идентификува и споредува едноставни јазични структури<br>• Издвојува информации од подолг текст (одговара на вежби со точно/погрешно, да/не, одговара на куси прашања, одговара описно на поставените прашања и сл.).<br>• Развива куси дијалози или описи на темата за комични ситуации и исмејување на луѓето.<br>• Пишува писма во кои изразува чувства како: тага, среќа, интерес, жалење и сочувство.<br>• Пишува кус опис на времето со примена на едноставни јазични структури.<br>• Изразува сопствено мислење за значењето на чувствата во животот. |

| НИВО | Тема: НЕСЕКОЈДНЕВНИ СПОСОБНОСТИ |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | • Препознава несекојдневни способности кај луѓето според слика, гестика и мимика.<br>• Поврзува слика и текст.<br>• Запомнува придавки за опис на физички изглед и способности.<br>• Препознава зборови и изрази поврзани со темата.<br>• Поврзува, заокружува, подвлекува и издвојува зборови и изрази во куси и подолги текстови.<br>• Запомнува нови зборови и куси изрази и може да ги препознае во нов контекст.<br>• Препознава зборови и изрази поврзани со темата. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Разбира невербални елементи во комуникацијата.<br>• Глобално разбира подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Селективно разбира одредени информации од подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Ја разбира основната идеја, кажува со свои зборови и парафразира базични информации од кус текст. |
| **ПРИМЕНА** | • Игра по улоги при разменување информации со одредени личности од темата.<br>• Замолува за повторување на прашањето или помош при формулирање, ако не е разбрано прашањето.<br>• Учествува во комуникативни ситуации притоа применувајќи новонаучени изрази и зборови за составување дијалози на темата за несекојдневните способности кај луѓето.<br>• Дискутира на тема поврзана со несекојдневните способности.<br>• Модифицира барање/давање информации.<br>• Ги поврзува новите информации и зборови во контекст (решава вежби со дополнување и поврзување)<br>• Применува новонаучени изрази и зборови при говорно и писмено изразување со примена на едноставни јазични структури при составување куси дијалози, текстови. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Издвојува информации од подолг текст со позната тематика.<br>• Развива дијалози или описи на темата за несекојдневни способности.<br>• Пополнува формулар со лични податоци.<br>• Изразува сопствено мислење за тоа како да се подобрат менталните и физичките способности кај професионалните спортисти. |

| НИВО | Тема: ОКОЛИНА |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | • Препознава основни податоци за дадената тематика.<br>• Запомнува именки со кои се изразуваат причините за загадувањето на околината.<br>• Препознава зборови и изрази поврзани со темата.<br>• Поврзува, заокружува, подвлекува и издвојува зборови и изрази во куси и подолги текстови.<br>• Запомнува нови зборови и изрази и може да ги препознае во нов контекст. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Разбира невербални елементи во комуникацијата.<br>• Дава одговори на поставени прашања.<br>• Глобално разбира подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Селективно разбира одредени информации од подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Ја разбира основната идеја, кажува со свои зборови и парафразира базични информации од кус текст. |
| **ПРИМЕНА** | • Пишува едноставни и помалку сложени забелешки и информации.<br>• Дискутира на темата поврзана со околината.<br>• Одговара на прашања описно.<br>• Учествува во комуникативни ситуации притоа применувајќи новонаучени изрази и зборови за составување дијалози на темата околина.<br>• Модифицира барање/давање информации.<br>• Ги поврзува новите информации и зборови во контекст (решава вежби со дополнување и поврзување).<br>• Применува новонаучени изрази и зборови при говорно и писмено изразување со примена на едноставни јазични структури при составување куси дијалози, текстови, играње улоги по ситуација. |

| | |
|---|---|
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Издвојува информации од едноставен и помалку сложен текст со позната тематика.<br>• Издвојува информации од текст (одговара на вежби со точно/погрешно, да/не, одговара на прашања и сл.).<br>• Развива дијалози или описи на настани од темата.<br>• Изразува сопствено мислење за последиците од климатските промени и искористувањето на природните ресурси.<br>• Анализира податоци од графикони и истите ги презентира.<br>• Пишува куси текстови на темата со примена на не многу сложни јазички структури. |

| НИВО | Тема: СОЖИВОТ |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | • Препознава антоними и роднински врски.<br>• Препознава зборови и изрази поврзани со темата.<br>• Поврзува, заокружува, подвлекува и издвојува зборови и изрази во куси и подолги текстови. Запомнува нови зборови и куси изрази и може да ги препознае во нов контекст.<br>• Препознава личности и чувства според интонацијата на гласот. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Ги разбира прашањата поврзани со текстот.<br>• Глобално разбира подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Селективно разбира одредени информации од подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Ја разбира основната идеја, кажува со свои зборови и парафразира базични информации од кус текст. |
| **ПРИМЕНА** | • Именува родбински врски.<br>• Ги применува новонаучените изрази и зборови на темата за соживот во дијалог, интервју и сл.<br>• Симулира  говорна ситуација или играње улоги на тема средби (љубовни, пријателски и роднински).<br>• Опишува надворешен изглед на личности.<br>• Ги поврзува новите информации и зборови во контекст (решава вежби со дополнување и поврзување). |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Селектира информации за темата соживот од подолг текст.<br>• Пишува кратки огласи , текстови на темата.<br>• Развива дијалози или интервју на темата.<br>• Пишува текст за своите релации со пријателите/семејството.<br>• Изразува сопствено мислење за темата средби со пријатели, познаници и соученици.<br>• Споредува личности (физички и карактерни особини). |

| НИВО | Тема: КРИЗИ И КАТАСТРОФИ |
|---|---|
| **ПОМНЕЊЕ** | • Препознава зборови и изрази поврзани со темата кризи и катастрофи.<br>• Поврзува, заокружува, подвлекува и издвојува зборови и изрази во куси и подолги текстови. Запомнува нови зборови и куси изрази и може да ги препознае во нов контекст. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | • Разбира фрази на тема за кризи и катастрофи.<br>• Ги разбира прашањата на соговорникот на тема за кризи и катастрофи.<br>• Глобално разбира подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Селективно разбира одредени информации од подолги текстови со едноставен вокабулар поврзани со темата.<br>• Ја разбира основната идеја, кажува со свои зборови и парафразира базични информации од кус текст. |
| **ПРИМЕНА** | • Ги применува новонаучените изрази и зборови на тема за кризи и катастрофи во дијалог интервју и сл..<br>• Применува комуникативни модели за усно и писмено изразување.<br>• Ги поврзува новите информации и зборови во контекст (решава вежби со дополнување и поврзување). |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | • Издвојува информации од текст за кризи и катастрофи во минатото и денес.<br>• Пишува реченици и прави споредба на кризите и катастрофите во минатото и денес.<br>• Развива дијалози или интервју на одредената тема.<br>• Изразува сопствен став или мислење на тема како да го зачуваме мирот во светот.<br>• Пишува куси текстови за опис на настани со примена на не многу сложени структури. |

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за трета година гимназиско и средно стручно четиригодишно образование треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за средно образование. Се препорачува, заради креативна и интерактивна настава, како и полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушне добро што се зборува и најоддалечениот ученик и да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени, кружно наредени или групирани во неколку коцки, како и преместување и групирање на столчињата по потреба.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:
- го разбира значењето на лексичките единици предвидени за усвојување согласно барањата на наставната програма и може да ги репродуцира и употребува во соодветни говорни ситуации;
- разбир подолги искази и текстови со позната тематика (глобално и селективно);
- комуницира во едноставни и посложени задачи кои бараат размена на информации на познати и помалку познати теми и активности;
- опишува, се искажува користејќи фрази и посложни искази со цел да искаже сопствени искуства, ставови и мислења, притоа користејќи определени јазички и граматички структури согласно барањата на наставната програма;
- чита и идентификува конкретни информации во даден текст и глобално разбира покуси и подолги наративни текстови поврзани со темите;
- пишува насочени дескриптивни и наративни состави соодветни на темите;
- има познавања од културата на земјите од германското јазично подрачје;
- користи ИКТ во содржини од предметот.

## 9. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII [1].
- Завршени студии по германски јазик - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII [1].

## 10. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2017 година**

## 11. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *германски јазик за* III (трета) година на средното четиригодишно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

**МИНИСТЕР**

**Арх. бр. 12-15290/1**
**7.11.2016 год.**

**______________________________**
**Pishtar Lutfiu**

Изготвил: работна група, координатор Ѓулај Исаки-Усеини, советник во Бирото за развој на образованието
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор